ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА СО ОПШТЕСТВЕН КАПИТАЛ

"Сл. весник на Р Македонија" бр. 21/98 од 08.05.1998 год.

Член 1

Во Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал ("Службен весник на Република Македонија" број 38/93 и 48/93) во членот 3 ставот 2 зборот "задругите" се заменува со зборовите: "земјоделските задруги".

Член 2

По членот 18 се додаваат два **нови члена 18-а и 18-б** кои гласат:

"Член 18-а

Претпријатијата што се трансформираат, за неоткупениот дел од општествениот капитал на Агенцијата и издаваат обични акции, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

За општествениот капитал кој се отплаќа на рати претпријатијата од ставот 1 на овој член на Агенцијата ѝ издаваат приоритетни акции, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

Кога приоритетните акции од ставот 2 на овој член нема да се платат во рокот утврден со договорот, наредниот ден тие се претвораат во обични акции.

Член 18-б

Приоритетните акции од членот 18-а ставот 2 на Агенцијата ѝ даваат право на:

- дивиденда од 2% годишно и
- сразмерен дел од остатокот на имотот по исплатата на доверителите ако над претпријатието е спроведен стечај или ликвидација".

Член 3

Во членот 19 ставот 3 се менува и гласи:

"Акциите односно уделите, Фондот за пензиското и инвалидското осигурување може да ги продава".

По ставот 3 се додава нов став 4 кој гласи:

"Акциите односно уделите од ставот 3 на овој член со продажбата се претвораат во обични".

Член 4

Во членот 26 ставот 3 се брише.

Член 5

Членот 28 се менува и гласи:

"Акциите од членот 26 на овој закон се обични акции со рок на отплата од 60 месечни рати од денот на нивното запишување, со грејс период од две години.

За акциите од ставот 1 на овој член, претпријатието на имателите им издава потврда за привремени акции.

Корисникот на попустот од членот 25 на овој закон го губи правото на отплата на запишаните акции со попуст, доколку ратите не ги уплати во роковите утврдени со членот 109 ставот 7 од овој закон.

Неплатените акции од ставот 1 на овој член, претпријатието ѝ ги пренесува на Агенцијата како обични, која ги продава под условите утврдени со овој закон".

Член 6

По членот 32 се додава **нов член 32- а** кој гласи:

"Член 32- а

Во случај на раскинување на договорот за продажба на општествениот капитал на рати, поради делумно неисполнување на обврските од страна на купувачот, како и во други случаи кога обврската за плаќање нема да биде намирена во целост, купувачот стекнува право на сопственост на акции или удел, сразмерно на извршените уплати.

Во случај на оштетување на општествениот капитал, за износот на штетата, се одзема соодветен број на акции на кои купувачот стекнал право на сопственост, односно се намалува номиналната вредност на уделот кој го стекнал, а за толкав износ се зголемува вредноста на општествениот капитал".

Член 7

Во членот 38 став 3 зборовите: "правосилна пресуда" се заменуваат со зборовите: "правосилно решение".

Член 8

Членот 45 се брише.

Член 9

Во членот 48 се додава нов став 1 кој гласи:

"Под идеален дел од претпријатието во смисла на овој закон се смета било кој дел од главнината на претпријатието изразен во акции, односно удели".

Ставовите 1 и 2 стануваат ставови 2 и 3.

Член 10

По членот 48 се додава **нов член 48- а** кој гласи:

"Член 48-а
Трансформацијата со продажба на идеален дел од претпријатието се смета за успешна и во случај ако се продаде дел од идеалниот дел кој се нуди на продажба".

Член 11

Членот 49 се менува и гласи:
"Почетната цена на идеалниот дел од претпријатието се определува сразмерно на неговото учество во проценетата вредност на претпријатието".

Член 12

Во членот 51 по зборот "спогодба" се става точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 13

Во членот 52 по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:
"Со договорот од ставот 1 на овој член се утврдува рокот во кој купувачите се должни да го откупат идеалниот дел од претпријатието кој не може да биде подолг од пет години".

Член 14

Во членот 57 ставот 3 се брише.

Член 15

По членот 58 се додава **нов член 58- а** кој гласи:

"Член 58- а
Договорот за откуп на претпријатието на рати, Агенцијата со купувачот го склучува во писмена форма, во согласност со одлуката за трансформација.
Со договорот од ставот 1 на овој член се утврдува рокот во кој купувачот е должен да ги откупи акциите, кој не може да биде подолг од пет години".

Член 16

Членот 59 се брише.

Член 17

Во членот 63 став 2 зборовите: "акционерите иматели на обични акции" се заменуваат со зборовите: "лицата кои го преземаат управувањето", а по зборот "дивидендата" се додаваат зборовите: "од обичните акции".

Член 18

Во членот 64 ставовите 2 и 3 се менуваат и гласат:
"Договорот од ставот 1 на овој член се раскинува по сила на овој закон ако претпријатието со годишната сметка покаже дека е намалена проценетата вредност на претпријатието.

Ако претпријатието со годишната сметка покаже загуба како последица на управувањето на претпријатието спротивно на договорот, како и на несоодветното управување на лицата кои го презеле управувањето со претпријатието, покажаната загуба солидарно ја покриваат лицата кои го презеле управувањето".
По ставот 3 се додаваат два нови става 4 и 5 кои гласат:
"Заради утврдување на загубата од ставот 3 на овој член претпријатието на трошок на лицата кои го презеле управувањето, е должно да направи ревизија на економско- финансиското работење на претпријатието.
Одредбите од ставот 4 на овој член соодветно се применуваат и во други случаи на оштетување на општествениот капитал".
Ставот 4 кој станува став 6, се менува и гласи:
"Заради обезбедување на обврските од ставот 3 на овој член, лицата кои го преземаат управувањето со претпријатието имотот во своја сопственост го ставаат под залог".

Член 19

Во членот 67 ставот 3 се брише.

Член 20

Во членот 68 по став 3 се додава **нов став 4** кој гласи:
"Одредбите од ставовите 1, 2 и 3 на овој член соодветно се применуваат и во постапката за трансформација на мали претпријатија".

Член 21

Во членот 83 ставот 1 се заменува со три нови става кои гласат:
"После санирањето и реорганизирањето на претпријатието- должник, Управниот одбор донесува одлука за сопственичка трансформација во акционерско друштво или друштво со ограничена одговорност.
Стечајниот совет врз основа на мислење на Агенцијата по одлуката од ставот 1 на овој член, донесува решение за давање на согласност за отпочнување на постапката за трансформација, со што се запира стечајната постапка.
По правосилноста на решението за давање согласност, претпријатието е должно да ја објави одлуката од ставот 1 на овој член на начин и во рок утврден со членот 17 од овој закон".
Во досегашниот став 3 кој станува став 5 зборот "претходна" се брише.
Ставовите 2 и 3 стануваат ставови 5 и 6.

Член 22

По членот 89 се додава **нов член 89- а** кој гласи:

"Член 89-а

Деловните средства (деловни објекти, машини и друга опрема) кои во постапката за трансформација не биле пријавени или се напуштени од страна на трансформираното претпријатие, се пренесуваат на Агенцијата.
Средствата од членот 86 на овој закон и ставот 1 на овој член, Агенцијата може да ги продава, да ги дава во закуп, да ги дава во закуп со право на

откуп или на друг начин да располага со истите до нивната продажба, на начин и под услови утврдени со Законот за отстапување на деловни средства од страна на претпријатијата во коишто Република Македонија и Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал имаат акции, односно удели ("Службен весник на Република Македонија" број 49/97).

Член 23

Во членот 100 по став 2 се додаваат два нови става 3 и 4 кои гласат:
"Пред запишувањето на трансформацијата во судскиот регистар претпријатието е должно да изготви акционерска книга, односно книга на удели, како и на имателите на акции, односно удели, да им издаде акции или потврда за акции, односно удели.
По запишаната, трансформација друштвото во рок од 30 дена до агенцијата доставува извод од извршениот упис".

Член 24

Во членот 101 во ставот 1 уводната реченица се менува и гласи:
"Со парична казна од 100.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок правното лице:"
Во ставот 1 по точката 3 се додава нова точка 3-а која гласи:
"3-а) го кредитира купувањето на акциите, односно уделите или дава гаранција за кредитите што се земаат за таа цел (член 23 став 4)".
По точката 9 се додава нова точка 9-а која гласи:
"9-а) не направи ревизија на економско- финансиското работење (член 64 став 4)".
По точката 10 се додаваат две нови точки 10-а и 10-б кои гласат:
"10-а) пред запишувањето на трансформацијата во судскиот регистар не ѝ достави на Агенцијата акционерска книга, односно книга на удели, како и на имателите на акции, односно удели не им издаде акции или потврда за акции, односно удели (член 100 став 3);
10-б) по запишаната трансформација на друштвото не ѝ достави на Агенцијата извод од извршениот упис (член 100 став 5)".

Член 25

По членот 113 се додава **нов член 113- а** кој гласи:
"Претпријатијата кои произлегле со поделба на претпријатие кое трансформацијата ја извршило согласно со Законот за преструктуирање на дел од претпријатијата кои во своето работење искажуваат загуби ("Службен весник на Република Македонија" број 2/95), може да одговараат само за делот од обврските на поделеното претпријатие и без солидарна одговорност меѓу нив, доколку за тоа согласност дале доверителите чии побарувања изнесуваат повеќе од половина на побарувањата на сите доверители кои имаат право на глас и кога тоа ќе биде утврдено во програмата за преструктуирање".

Член 26

Постапките на трансформација започнати пред влегувањето во сила на овој закон ќе завршат според одредбите на овој закон.

Приоритетните акции што претпријатијата ги издале на Агенцијата за општествениот капитал кој не се отплаќа на рати, со денот на влегувањето во сила на овој закон се претвораат во обични.

Член 27

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".